ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА
Подготвен од страна на
Антонио Поп-Иванов "СТАНДАРД БИРО" – СКОПЈЕ Официјална сметководствена компанија на Олимпискиот комитет на Северна Македонија

Програмските активности кои Олимпискиот комитет на Северна Македонија досега ги реализираше во 2025 година, од финансиска гледна точка, донесоа позитивен тренд на динамика на имплементација на олимписката програма на Олимпискиот комитет на Северна Македонија.

ПРИХОДИ	**2025**	**%**
Приходи од донации и спонзорства		
Меѓународен олимписки комитет	3.136.061	2,33%
Европски Олимписки Комитети	42.757.595	31,73%
Европска Комисија - Ерасмус+ Проекти	20.417.625	15,15%
Горска	5.876.059	4,36%
Вкупно	**72.187.340**	**(53,57%)**
Приходи од стопанска активност		
Приходи од извршени услуги Олимписки центар "Јане Сандански"	20.582.103	**(15,28%)**
Приходи од ЕМОФ Скопје 2025	36.441.492	**(27,05%)**
Спонзори на ЕМОФ Скопје 2025	5.530.500	**(4,10%)**
Вкупно приходи	**134.741.435**	**100,00%**
РАСХОДИ		
Расходи за спорт и спортски активности		
Стипендии за спортисти и уплати кон НСФ	20.688.919	
Договори на дело, авторски хонорари и надворешно ангажирани лица	20.012.158	
Трошоци за спортска опрема	5.808.034	
Трошоци за патувања	2.190.208	
Трошоци за организација на спортски настани	7.237.452	
Ноќевања	991.409	
Расходи од ЕМОФ Скопје 2025	42.355.028	
Вкупно	99.283.208	**(73,69%)**
Даноци и придонеси кон државата	4.499.829	**(3,34%)**
Амортизација на опрема	2.751.629	**(2,04%)**
Плати	3.116.074	2,31%
Осигурување	1.065.326	0,79%
Книговодствени услуги	373.060	0,28%
Телефон и интернет	674.451	0,50%
Негативни курсни разлики	648.101	0,48%
Камати	910.952	0,68%
Банкарски услуги и провизии	216.390	0,16%
Вкупно трошоци за Канцеларија	7.004.354	**(5,2%)**

Расходи за стопанска активност - ОЦ Јане Сандански		-
Струја	6.342.002	4,71%
Вода	661.768	0,49%
Комунална Хигиена	337.311	0,25%
Плати	6.631.477	4,92%
Договори на дело и надворешно ангажирани лица	2.484.684	1,84%
Даноци и придонеси кон државата	3.828.588	2,84%
Потрошни материјали	503.505	0,37%
Книговодствени услуги	360.640	0,27%
Телефонија	10.592	0,01%
Гориво	28.842	0,02%
Вкупно расходи за стопанска активност	21.189.408	**(15,73%)**
ВКУПНО РАСХОДИ	**134.728.428**	**100%**

Мора да напоменеме и дека ОКСМ за многу НСФ-и и спортисти обезбеди донации и логистичка помош од соодветните Меѓународни и Европски спортски федерации што е карактеристично за работа на ОКСМ со години наназад. ОКСМ обезбеди и реализира партнерски договори во износ од 400,000 евра, но во против услуги, а не во пари (готовина)! Тоа се услуги од строго наменски карактер за потребите на Олимписките кандидати и НСФ-ии, кои ќе учествуваат на летните и зимските Олимписките и Младинските олимписки игри (Милано 2026, Таранто 2026, Дакар 2026, Лос Анџелес 2028) како и за Европските младински Олимписки игри Скопје 2025 за да можат да учествуват на меѓународните мулти спортски натпревари (подготовки, спортска опрема, стручно/административна помош, едукација на стручен кадар и тренери, суплементација, исхрана, спортска медицина, опоравок после тренинг и после повреда, котизации, сместување, изнајмување на простории за собири и конференции, патувања и натпревари на врвните македонски спортисти и сл.).

Како и секоја година, приходите односно финансиските ресурси како донации за реализација на програмските активности на ОКСМ, се реализирани преку блиската комуникација, координација и соработка со Меѓународниот и Европскиот олимписки комитет (ИОК и ЕОК) и Меѓународниот комитет на Медитеранските игри (МКМИ) и НОК-и со кои ОКСМ има договор за билатерална соработка, но и преку блиската соработка со Меѓународните и Европските спортски федерации. Во делот кој станува се позначаен за ОКСМ, во однос на унапредување на спортот во Македонија односно во делот на партнерство и донации, Олимпискиот комитет на Северна Македонија бележи продолжен тренд на партнерство со правни ентитети од Република Северна Македонија и од светот, кои се значаен дел од ТОП ТЕН маркетинг пулот на ОКСМ.

Важно е да се истакне дека е донирана спортска опрема до повеќе федерации кои учествуваа на ЕМОФ Скопје 2025 (кајак, атлетика, стрелаштво, џудо, одбојка, ракомет, бадминтон, кошарка, баскет 3х3, пинг-понг, велосипедизам) во вредност од најмалку 300,000 евра. Исто така е донирана спортска опрема на училиштата во општините Аеродром и Ѓорче Петров. Дополнително, обезбедена е поддршка за Специјалната Олимпијада преку бесплатно користење на салата во ОЦ Јане Сандански за тренинзи во кошарка во колички.

Исто така, преку спонзорот Горска, е донирана вода за целокупното одржување на ЕМОФ Скопје 2025, од борилишта до сите сместувачки капацитети и останати објекти.

Секако, значајна е и поддршката преку вредносни услуги од нашиот спонзор JOMA.

Исто така, на сите НСФ кои имале потреба, им беа обезбедени на користење двете комбиња на ОКСМ, при што сите трошоци беа покриени од страна на ОКСМ. Вредноста на оваа поддршка надминува 20.000 евра. Дополнително, на трошок на ОКСМ, беше обезбедена поддршка за продукција и снимање на спортски настани, со вредност од над 5.000 евра.

Финансиската помош која доаѓа преку програмата "субвенции" на Владата на РСМ/Министерство за спорт оваа година не ни беше достапна. Веруваме дека државата односно Министерството за спорт ќе ја препознаат реалноста според која во Олимписките кандидати и евидентните олимпијци како и во Олимписката програма на ОКСМ, ќе мора да се вложуваат многу повеќе финансиски средства, кои секако ќе бидат координирани со ресорното Министерство како би можеле да очекуваме многу подобри врвни спортски резултати и многу поефикасен финансиски менаџмент на буџетските средства.

Исто така за 2025 продолжува практиката за независна надворешна ревизија на годишната сметка и финансиското работење на ОКСМ од страна на овластен независен ревизор, започната во 2021 година. Ревизијата на годишната сметка за 2025 ќе се изврши по одобрување од УО.

Подготвил:
Антонио Поп-Иванов
Стандардбиро ДООЕЛ

Друштво за промет и услуги СТАНДАРД БИРО Скопје Весил ДООЕЛ увоз извоз

ИЗВЕШТАЈ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ОКСМ

Надзорниот одбор на ОКСМ, врз основа на доставената документација од страна на сметководствената фирма СТАНДАРД БИРО СКОПЈЕ и врз основа на своите обврски и овластувања, на 21 Јануари 2026 година во просториите на СТАНДАРД БИРО СКОПЈЕ, го разгледа работниот годишен финансиски извештај, а ги разгледа и документацијата и актите за периодот од 1 јануари 2025 година до 31 Декември 2025 година и констатира дека работниот финансиски извештај за 2025 година како и извршувањето на работните задачи и активности за реализација на програмите се извршени согласно Статутот на ОКСМ, а целокупната документација е водена уредно и е прописно заведена во деловодните книги според уредбата за канцелариско и архивско работење и е во согласност со позитивните законски прописи.

Согласно горе наведеното, Надзорниот одбор на ОКСМ дава позитивно мислење за работата на ОКСМ за периодот 1 Јануари-31 Декември 2025 година.

Претседател на Надзорен одбор

Абураим Бајрактар

